**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

# за II одделение

**Скопје, 2021 година**

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Ликовно образование*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | II (второ) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • ***Цртање***<br>• ***Сликање***<br>• ***Пластично обликување и градење***<br>• ***Печатење и дизајн*** |
| **Број на часови** | 1 час неделно/36 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Аудиовизуелни средства: телевизор, ДВД-плеер, ЛЦД-проектор, касетофон, дигитален фотоапарат, дигитална камера, компјутер, паметна табла (смарт-табла), таблет за цртање, печатач или други дигитални уреди.<br>• Интернет, образовни софтвери.<br>• Средства и материјали за цртање (хартија, хартија во боја, молив, дрвени боици, мрсни боици, креди, фломастери, природни и вештачки материјали, штафелаи...).<br>• Нагледни средства (цртежи, слики, фотографии, изработки, списанија, плакати, постери, апликации, илустрации, проспекти, музеи, ликовни изложби и др.).<br>• Средства и материјали за сликање (водени боици, блок, четки, хамер-хартија, темперни боици, пастел, палета, хартија во боја, природни и вештачки материјали).<br>• Средства и материјали за пластично обликување и градење (пластелин, брашно, тесто, глина, песок, снег, стиропор, пластика и др.).<br>• Средства и материјали за печатење (печат, шаблони и материјали за изработка на шаблони, картон, еколошки бои, плодови, картон-печат, шаблон, природни и вештачки материјали и др.).<br>• Средства и материјали за дизајн (фотографија, украс, накит, чаршав, салфетки, тапет, илустрации, ножички, лепак и др.) |

| | |
|---|---|
| | • Творечки неликовни материјали (чешел, четки за заби, шминки, лак за нокти, свеќа, сапун, чадор, шапка, камен, газа, ЦД, соковник, зеленчукови и овошни плодови, текстил, чаши, чинии и др.). |
| **Норматив на наставен кадар** | Воспитно-образовната работа во второ одделение може да ја изведува лице кое завршило:<br>• професор по одделенска настава, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>• дипломиран педагог, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Уметничко изразување и култура** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| VIII-A.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот); |
| VIII-A.2 | да ги идентификува различните манифестации на популарната култура и нивното влијание врз развојот на естетските вредности; |
| VIII-A.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-A.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти; |
| VIII-A.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност. |
| | *Ученикот/ученичката прифаќа дека:* |
| VIII-Б.2 | критичкиот однос кон различните продукти на уметноста е битен за развивање на индивидуалните и општествените естетски вредности; |
| VIII-Б.3 | почитувањето и промовирањето на сопствената култура придонесува за јакнење на културниот идентитет и дигнитет; |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесува за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди:
**Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Општество и демократска култура** и **Техника, технологија и претприемништво.**

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| IV-A.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ; |
| IV-A.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини; |
| V-A.1 | да разликува здрав од ризичен животен стил кога се работи за сите сфери на живеење (вклучително навики во исхраната, спортски и рекреативни активности); |
| V-A.2 | да избира и практикува активности кои обезбедуваат развој и подобрување на сопственото ментално и физичко здравје; |
| V-A.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите што ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-A.5 | да ги препознава емоциите кај себе и кај другите; |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-A.13 | да комуницира со другите; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| VI-A.5 | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); |
| VI-A.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација; |
| VI-A.7 | да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од насилството и да се спротивставува на него; |
| VI-A.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите; |
| VI-A.11 | да ги применува правилата и прописите за безбедно учество во сообраќајот; |
| VI-A.22 | да ги идентификува и почитува сите национални симболи на државата Република Северна Македонија и да манифестира чувство на припадност кон државата; |

| | |
|---|---|
| VII-А.4 | да генерира идеи и осмислува активности кои водат до продукти и/или услуги; |
| VII-А.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – ги олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |
| V-Б.1 | грижата за сопственото тело и редовното практикување физички активности е важен услов за обезбедување физичко и ментално здравје; |
| V-Б.2 | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план; |
| VI-Б.13 | националниот идентитет, кој произлегува од припадноста на државата Република Северна Македонија, е битна компонента на идентитетот на сите граѓани на државата. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

| |
|---|
| Тема: ***ЦРТАЊЕ***<br>Вкупно часови: **10** |
| Резултати од учење<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:<br>1. применува различни подлоги, средства и материјали во цртањето;<br>2. создава цртеж, користејќи ги ликовните елементи: големина, простор, тон и површина; |

| | |
|---|---|
| 3. црта познати предмети, ликови и појави од средината во која живее и учи.<br>4. конструира цртежи на компјутер.<br>Ученикот/ученичката ќе:<br>5. развива креативност преку цртање.<br>6. развива и негува хигиено-технички и работни навики. | |
| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
| • Подлоги, средства и материјали за цртање и нивна употреба<br>(хартија, хартија во боја, молив, дрвени боици, креди, мрсни боици, фломастери, природни и вештачки материјали) | • Користи разновидни подлоги, средства и материјали во цртањето.<br>• Споредува и прави разлика меѓу цртежите според подлогата, средствата и материјалите кои се употребени.<br>• Црта разновидни линии со комбинирање различни средства и материјали. |
| • Ликовен јазик во цртањето<br>(точка, линија – тенки/дебели, долги/кратки, криви/прави, цикцак, боја, насока, форма, големина, простор – пред/зад, горе/долу, лево/десно, тон – светло/темно, површина – мазна/рапава, тврда/мека, сенчење, детаљ, интензитет, прецизност) | • Ги објаснува цртежите преку поимите од ликовниот јазик.<br>• Црта со примена на ликовните елементи: големина, простор, тон и површина.<br>• Користи разни видови моливи за постигнување прецизност во цртањето.<br>• Прави целина во цртањето со употреба на детали.<br>• Постигнува ефект светло-темно со употреба на техниката *Сенчење* во цртањето.<br>• Конструира цртежи на компјутер (на пример: училиште, дом, омилен лик, место на живеење и сл.). |

**Примери за активности**

- Учениците цртаат на тема *Дожд* со помош на тенки, дебели, долги и кратки линии. Како важен креативен елемент ученикот употребува и точка. Материјали кои се користат за оваа задача се: различни дебелини на моливи, јаглен и туш.
- Учениците цртаат со тенки и дебели фломастери на тема *Патот кон училиштето* или *Патот кон мојот дом* и употребуваат криви линии.
- Учениците изработуваат цртеж на тема *Есенски листови* со различни дебелини на моливи, јаглен и туш. Употребуваат криви линии со различни дебелини и различни должини.
- Учениците изработуваат цртеж на тема *Мртва природа*, користејќи различни големини на картонски кутии како модел. Употребуваат криви и прави линии со различни дебелини и различни должини.
- Учениците изработуваат цртеж на тема *Просторот околу мене* со различни видови линии (тенки, долги, кратки, криви, прави, цикцак), точки во одредена насока и слично.

- Наставникот организира игра во која учениците користат картонски кутии со различни големини, кои имаат  доволен простор за учениците да можат да влезат во нив и да го почувствуваат просторот. Кога се затвораат кутиите, внатре е темно, а кога се отвораат е светло. Учениците сами ги украсуваат кутиите со мрсни боици и по сопствена желба, со примена на ритам во линијата.
- Учениците со молив и дрвени боици цртаат накит, при што со сенчење од деталите прават целина.
- Учениците на компјутер цртаат семафор со линии со различна дебелина.
- Учениците на компјутер цртаат мотив од домот и/или училиштето од геометриски форми со контурни линии и со сенчење.
- Учениците во училишниот двор со креди во боја цртаат линии со различни форми од опкружувањето и ги утврдуваат поимите: пред/зад, горе/долу, лево/десно.

Тема: ***СЛИКАЊЕ***

Вкупно часови: **14**

Резултати од учење

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. применува различни подлоги, средства и материјали во сликањето;
2. создава слика, користејќи ги ликовните елементи: големина, простор, тон и површина;
3. слика предмети, ликови и појави од средината во која живее и учи;
4. ги разликува секундарните бои и креативно да се изразува со нив;
5. користи компјутер во сликањето.

Ученикот/ученичката ќе:

6. развива креативност преку сликањето;
7. развива и негува хигиено-технички и работни навики.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| • Подлоги, средства и материјали за сликање и нивна употреба (водени боици, блок, четки, хамер-хартија, темперни боици, пастел, колаж, палета, хартија во боја, лепак, ножици, природни материјали, вештачки материјали...) | • Користи разновидни подлоги, средства и материјали во сликањето.<br>• Споредува и прави разлика меѓу слики изработени со различни средства, материјали и техники.<br>• Слика и прави колаж со комбинирање на подлоги, средства и материјали. |
| • Ликовен јазик во сликањето (големина, простор, тон, површина, дезен) | • Ги опишува сликите со употреба на соодветен ликовен јазик.<br>• Слика со примена на ликовните елементи: големина, простор, тон и површина.<br>• Користи различни техники за сликање дезен.<br>• Користи детали во сликањето и формира целина. |

| | |
|---|---|
| • Секундарни бои и нијанси<br>(портокалова, виолетова, зелена) | • Ги препознава и ги именува секундарните бои и нивните нијанси.<br>• Добива секундарни бои со мешање на основните бои.<br>• Ги применува секундарните бои и нивните нијанси за сликање ликови, предмети и објекти поврзани со домот, училиштето и местото на живеење.<br>• Создава колаж со примена на секундарни бои од природни и вештачки материјали.<br>• Слика на компјутер, користејќи ги и примарните и секундарните бои и нивните нијанси. |

**Примери за активности**

- Учениците сликаат огномет. Како изразни средства се употребуваат: основните бои, секундарните бои и површината. Од ликовен материјал се користи темпера и пастел во комбинација. Се покажуваат примери од Ван Гог – ***Ѕвездено небо***.
- Учениците сликаат на дадена тема *Мојата соба*. Како изразни средства се употребуваат секундарните бои и просторот. Ликовен материјал кој се користи – темпера и пастел во комбинација. Се покажуваат примери од Ван Гог.
- Учениците сликаат на дадена тема *Прозорецот во мојата училница*. Се учи за поимот простор и се употребуваат основните и секундарните бои. Ликовен материјал кој се користи – водени боици. Се покажуваат примери од Рене Магрит.
- Половина од учениците сликаат на тема *Моето училиште* користејќи бои по нивен избор. Другата половина слика на истата тема, но само со црна и бела боја. Откако ќе ги претстават цртежите заеднички дискутираат како различната композиција на бои пренесува различни пораки.
- Ученикот слика мотив **вазна со цвеќе**. Се употребуваат: топли бои, тонови и површината како изразно средство и поим во ликовниот јазик. Ликовен материјал кој се користи – темпера и пастел во комбинација. Се покажуваат примери од Ван Гог – ***Сончогледи***.
- Учениците сликаат мотив **пролет**. Како изразни средства се употребуваат: ладни бои, тонови и површина. Ликовен материјал кој се користи – темпера и пастел во комбинација. Се покажуваат примери од Ван Гог – ***Црешови цветови***.
- Учениците сликаат **овошни плодови**. Како изразни средства се употребуваат: основните и секундарните бои, големината и формата. Ликовен материјал кој се користи – водени бои и пастел во комбинација. Се покажуваат примери од сликарот Пол Сезан.
- Учениците сликаат мотив **училишниот двор** според сопствена замисла. Како ликовен материјал се употребуваат секундарните бои за да се добијат сознанија за поимите: простор, површина, големина. Се покажуваат примери на пејсажи од Сезан.
- Учениците со техниката *Колаж* изработуваат честитки со мотиви од годишните времиња од природни и вештачки материјали: ножици, лепак, конец, жица, ткаенина, цветови, листови, семиња, картон и сл.
- Учениците преку различни апликации на компјутер гледаат како се мешаат основните бои и се добиваат секундарните бои. Потоа изработуваат компјутерска слика со топли, ладни бои и нивните нијанси.

Тема: ***ПЛАСТИЧНО ОБЛИКУВАЊЕ И ГРАДЕЊЕ***

Вкупно часови**: 5**

Резултати од учење

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. прави различни фигури од природни и вештачки материјали за обликување;
2. користи различни техники (сечење, лепење, превиткување, спојување, оригами и сл.) во пластичното обликување;
3. моделира тридимензионални форми и да гради различни фигури од различни материјали;
4. користи компјутер во пластичното обликување и градење.

Ученикот/ученичката ќе:

5. развива сензомоторни вештини;
6. развива креативност преку пластичното обликување и градење;
7. стекнува хигиено-технички и работни навики.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| • Подлоги, средства и материјали за пластично обликување и градење и нивна употреба<br>(глина, глинамол, пластелин, брашно, тесто, природни и вештачки материјали) | • Идентификува различни средства и материјали за обликување, моделирање и градење.<br>• Разликува различни облици и градби.<br>• Користи и комбинира различни средства и материјали за создавање облици и градби. |
| • Ликовен јазик во пластичното обликување и градење<br>(пластично обликување, моделирање, градење, тридимензионална форма, големина, простор, тон, површина, облик, скулптура, фигура, макета, рециклиран/отпаден материјал, каширање) | • Обликува и гради тридимензионални форми.<br>• Користи компјутер во пластичното обликување и градење.<br>• Создава облик или градба со користење на ликовните елементи: големина, простор, тон и површина.<br>• Прави разлика меѓу моделирање, обликување и градење.<br>• Самостојно обликува и гради различни фигури од различни материјали. |

**Примери за активности**

- Учениците обликуваат накит со употреба на материјали кои може да се најдат во природата. Поврзаност со поимите: форма, големина, боја, тон.
- Учениците прават украси или украсуваат бонбони за празнична пригода, употребувајќи различни материјали. Се употребува: форма, боја и површина.
- Учениците со пластелин, глина или тесто обликуваат животни на тема *Зоолошка градина* (слон, жирафа, крокодил, птица, риба, преку кои се прави поврзаност со поимите: големина, форма, површина, боја).

- Учениците изработуваат скулптура **авион** со користење на нефункционални или стари предмети, стекнуваат знаења и искуства за значењето и употребливоста на предметите и се поврзуваат со поимите: форма, површина, големина.
- Учениците, поделени во групи, градат макети со тридимензионални форми на тема *Мојот дом, моето училиште, моето место*, при што како ликовен материјал користат: картонски кутии, ножици, хартија во боја, лепак и фломастери. Учениците низ игра го поврзуваат градењето со ликовните елементи: облик, форма, големина, простор и површина.
- Учениците кашираат плодови и прават поврзување со форма, облик, големина и др.
- Учениците од стара хартија, текстил и користени ќеси во боја изработуваат облека за настап на приредба. Го разбираат значењето на поимите: отпаден материјал, рециклирање, селекција на отпад.

Тема: ***ПЕЧАТЕЊЕ И ДИЗАЈН***

Вкупно часови: **7**

Резултати од учење

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. прави шаблони за печатење и да печати самостојно со комбинација на отпечатоци (создава шара/декорација);
2. печати со помош на компјутер и печатач;
3. изработува дезен (шара), украс, накит и декорација, со примена на различни ликовни елементи, средства и материјали за дизајнирање;
4. дизајнира, со примена на компјутер и фотоапарат.

Ученикот/ученичката ќе:

5. развива сензомоторни вештини;
6. развива креативност преку печатење и дизајнирање;
7. ги развива и негува хигиено-техничките и работните навики.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| • Подлоги, средства и материјали за печатење и нивна употреба<br>(печатење, подлога, материјал и средства за печатење, картон-печат, шаблон, природни и вештачки материјали, хартија и печатач) | • Користи природни и вештачки подлоги, материјали и бои во печатењето.<br>• Прави разлика и споредува отпечатоци, подлоги и шаблони.<br>• Користи компјутер и печатач за печатење. |
| • Ликовен јазик во печатењето<br>(печат, отпечаток, шара, декорација, монотипија, композиција) | • Прави шари/декорации со повторување на исти или различни отпечатоци.<br>• Ги применува ликовните елементи: големина, простор, тон и површина во печатењето.<br>• Создава графички отпечаток/монотипија.<br>• Комбинира шаблони и создава различни композиции. |

| | |
|---|---|
| • Средства и материјали за дизајн и нивна употреба (хартија, бои, ткаенина, еколошки материјали, природни и вештачки материјали, компјутер, фотоапарат, ножички, лепак) | • Идентификува и користи различни средства и материјали за дизајнирање.<br>• Прави разлика и споредува дизајни според материјалите од кои се изработени. |
| • Ликовен јазик во дизајнот (дизајн, дезен, украс, накит, декорација, фотографија, илустрации, фротаж и др.) | • Дизајнира со примена и комбинирање на различни ликовни елементи и техники.<br>• Користи компјутер во дизајнирањето.<br>• Изработува украси, накит, декорации и дезени. |

**Примери за активности**

- Учениците дизајнираат знаменце на мотив **екопатрола**. Се употребуваат поимите: форма, линија и боја. Ликовен материјал кој се употребува – молив и фломастери.
- Учениците дизајнираат корица за сликовница. Се употребуваат поимите: форма, боја, големина и простор. Ликовен материјал кој се употребува – молив, дрвени боици и фломастери.
- Учениците изработуваат илустрација според текст кој се обработува по предметот мајчин јазик. Се употребува: форма, големина и простор. Ликовен материјал кој се употребува – молив и водени боици.
- Учениците дизајнираат со техниката *Колаж* на мотив **зимска облека** со различни материјали, како што се: текстил, хартија во боја и слично. Се употребуваат поимите: форма, големина и боја.
- Учениците декорираат амбалажа на тема ***Екостандард*** со помош на колажирање со различни природни материјали. Се употребуваат поимите: форма, боја, тон и површина.
- Учениците изработуваат/користат шаблон од картон и темперни боици и печатат графика за празничен мотив. Се прави поврзаност со поимите: форма,големина, боја.
- Учениците користат компјутер за да дизајнираат и печатат на мотив – **изработка календар на природата** по претходно зададени насоки. Се прави поврзаност со поимите: големина, форма, боја, површина.
- Учениците изработуваат шаблони од картони кои се користат за печатење на пролетна марама – ткаенина со цел да се добие декоративна шара, се прави поврзаност со поимите: големина, форма, боја, тон, површина.
- Учениците печатат со помош на техниката *Фротаж*: со молив преоѓаат преку лист хартија под кој се поставени различни материјали со различна текстура. Преку оваа тема се прави поврзаност со поимите: големина, форма, тон, површина.
- Учениците печатат монотипија во боја или црно-бело на мотив **геометриски форми** во даден ритам.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс во однос на полот. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам. Исто така, наставникот внимава во изработките на учениците да не се провлекуваат родови и етнички стереотипи.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на активностите/поимите од предметот *Ликовно образование* со содржините/стандардите од другите предмети при планирањето и реализацијата на наставата. На тој начин овој наставен предмет ги мотивира учениците во учењето на другите предмети и помага во нивно полесно совладување.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот редовно ги следи и вреднува постигањата на учениците во текот на наставата. Се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за ликовно творење, ангажираност на учениците, посветеност во работата, индивидуална, тандемска и групна работа. За учеството во активностите, учениците добиваат повратна информација со која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;
- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);

- изработените ликовни творби (цртање, сликање, пластично обликување и градење, печатење и дизајн);
- учеството во изработка на заеднички творби.

При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава на индивидуалниот пристап за постигањата на секој ученик поединечно. На крајот на годината се изведува сумативна описна оценка на постигнатите стандарди за оценување.

| | |
|---|---|
| Почеток на имплементација на наставната програма | 2022/2023година |
| Институција/<br>носител на програмата | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Ликовно образование* за II одделение.** | бр. ____________<br>________________ година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>Мила Царовска<br><br>_____________________________ |